Ceresit

# CT 16

## Основен премаз

**Премаз за припрема на подлогата пред нанесување на тенкослоен малтер, лепаци и обоени премази**

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Quartz Contact - силна адхзија меѓу армираниот слој и малтерот
- подобро лепење на површината
- водоотпорен
- висока покривна моќ
- подготвен за употреба
- се нанесува со ваљак или четка
- паропропусен
- лесна апликација на малтерот

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit CT 16 ја олеснува примената на тенкослојните малтери и малтери за внатрешни и надворешни површини на објектите. Се препорачува за премачкување на арматурниот слој во системот на Ceresit Ceretherm (ETICS - надворешни термоизолациони системи) и стари малтери. Основниот премаз CT 16 може да се примени на подлоги како иверица, гипс картон, гипс малтери, сите видови бетонски и цврсти облоги. Премачкувањето на подлогата со CT 16 значително ја намалува апсорпцијата на вода, што спречува премногу брзо да се исушат нанесените материјали. Ситните полнила што се наоѓаат во CT 16 ја прават премачканата површина поцврста и отпорна на абразија. На старите подлоги, се зголемува лепливоста на малтер, лепила и бои. Овој производ има силна моќност и ја прави подлогата хомогена, што спречува појава на дамки на обоените акрилни, минерални, силикатни - силиконски и силиконски малтери.Доколку нанесувањето на декоративниот малтер се одложува (временски услови и сл.) задолжителна е заштита на арматурниот слој со овој премаз.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Подлогата која се премачкува со CT 16 треба да биде рамна, носива, сува и чиста без маснотии, битумен, прашина и останати материи кои ја намалуваат лепливоста. Постоечката прашина и слоевите кои се слабо врзани за подлогата треба да се отстранат. Остатоците од лепак и боја треба да бидат отстранети. Подлогата треба да се испере со вода. Водовпивливи подлоги како што се гипсаните малтери, иверка, неимпрегнирани гипс картон плочи треба да бидат премачкани со основниот прајмер CT 17 и оставени да се исушат приближно 2 часа (понекогаш ова е потребно да се направи два или повеќе пати).




### НАЧИН НА УПОТРЕБА

Целата канта треба внимателно да се промеша. Не смее да се употребува валкан и зарѓан алат.
**Немојте да го разредувате премазот!**
Препорачливо е да се нанесе еден слој CT 16 со помош на ваљак или четка. Времето на сушење е приближно 3 часа. Свежите дамки може да се отстранат со вода и алатот да се испере со вода.

### ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Работите треба да се извршат во случај кога температурата на воздухот и на површината е од +5°C до +25°C, а влажноста на воздухот е под 80%. Во случај на контакт со очите, исплакнете веднаш со многу вода и побарајте лекарска помош.
Содржи биоциден производ: конзерванс изитиазолинон смеса 3:1 (CIT/MIT)

## ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Во случај на нанесување на прајмерот, пред нанесување на тенкослоен малтер, CT 16 е препорачливо да се истонира во нијанса најприближна на нијансата на завршниот малтер.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти од 10л.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | Водена дисперзија со синтетичка смола со минерални полнила |
| Густина на смесата: | 1,55±10% кг/дм$^3$ |
| Работна температура: | од +5°C до +25°C |
| Време на сушење: | приближно 3 часа |
| Просечна потрошувачка која зависи од рапавоста и впивливоста на подлогата: | од 0,1 до 0,3 л/м$^2$ |
| VOC (Директива 2004/42/EC/2: максимална вредност за овој призвод (кат.А/с): 75 г/л (2007); 40 г/л (2010)): | Овој производ содржи макс: 15,3 г/л |

## РОК НА ТРАЕЊЕ / СКЛАДИРАЊЕ

До 12 месеци од датумот на производство ако се чува во оригинално неотворено пакување во суви услови.
Заштитете од замрзнување! Заштитете од директно изложување на сонце!

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат нашата писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од +20° C и 60% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Забележете дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основа на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој лист со податоци ги заменува сите претходни верзии.

Овој производ ги поседува следниве документи:
European Technical Approval (ETA) во системите:

| Ceresit Ceretherm System | Popular | Classic | Visage | Impactum | Wool Classic | Universal EPS | Universal XPS | Universal MW |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ETA | 08/0309 | 09/0014 | 11/0395 | 13/0086 | 09/0026 | 13/0535 | 13/0807 | 14/0127 |
| Сертификат | 1488-CPR-0382/Z | 1488-CPR-0439/Z | 1488-CPR-0370/Z | 1488-CPR-0407/Z | 1488-CPR-0440/Z | 1488-CPR-0457/Z | 1488-CPR-0456/Z | 1488-CPR-0362/Z |
| DoP | 00426 | 00420 | 00431 | 00436 | 00424 | 00433 | 00434 | 00435 |